Здружение на финансиски работници на локалната самоуправа и јавни претпријатија
Бр. 0306-115
24.03. 2023 год.
ВЕЛЕС

ИНСТИТУТ НА СМЕТКОВОДИТЕЛИ И ОВЛАСТЕНИ СМЕТКОВОДИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 0202/144
24.03 2023 год.

Институтот на сметководители и овластени сметководители на РМ преку Вршител на должност-Претседател Весна Прентоска, постапувајки по Барањето за добивање на одобрение за спроведување обуки за континуирано професионално усовршување под надзор на Институтот од 09.03.2023 година поднесено од Здружение на ФИНАНСИСКИ РАБОТНИЦИ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА И ЈАВНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА Велес, заведено во Институтот под бр.0306/108 од 09.03.2023година, на ден 16.03.2023 година, го донесе следното

## РЕШЕНИЕ

Барањето на Здружение на ФИНАНСИСКИ РАБОТНИЦИ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА И ЈАВНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА Велес за добивање на одобрение за спроведување обуки за континуирано професионално усовршување под надзор на Институтот од 09.03.2023 година, заведено во Институтот под бр.0306/108 од 09.03.2023 година, **СЕ УСВОЈУВА.**

На правното лице Здружение на ФИНАНСИСКИ РАБОТНИЦИ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА И ЈАВНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА Велес **МУ СЕ ИЗДАВА ОДОБРЕНИЕ** за спроведување обуки за континуирано професионално усовршување под надзор на Институтот.

**СЕ ЗАДОЛЖУВА** правното лице Здружение на ФИНАНСИСКИ РАБОТНИЦИ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА И ЈАВНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА Велес обуките за континуирано професионално усовршување под надзор на Институтот да ги спроведе согласно член 30 од Законот за вршење сметководствени работи Службен весник на РСМ, број 173/22 од 01.08.2022 година.

Правното лице Здружение на ФИНАНСИСКИ РАБОТНИЦИ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА И ЈАВНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА Велес врз основа на ова Решение **СЕ ЗАПИШУВА** во Регистарот на правни лица кои спроведуваат обуки за континуирано професионално усовршување кој се води при Институтот на сметководители и овластени сметководители на РМ.

### О б р а з л о ж е н и е

Правното лице Здружение на ФИНАНСИСКИ РАБОТНИЦИ И ЈАВНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА Велес поднесе Барање за добивање на одобрение за спроведување на обуки за континуирано професионално усовршување од 09.03.2023 година, заведено во Институтот под бр. 0306/108 од година со следните прилози: Тековна состојба издадена од ЦР на РСМ, Листа на вработени бр.0302-88 од 09.03.2023 година, Уверение за овластен сметководител за Васна Николова број 0104554 од 01.11.2016 година издадено од Институтот, Уверение за овластен сметководител за Елизабета Гајдова број 0101976 од 01.11.2016 година издадено од Институтот, Потврда за работно искуство бр.0302-89 од 09.03.2023 годиназа работно искуство на вработените, Пријава/Одјава во задолжетелно социјално осигурување Образец М1/М2 за Васка Николова, Пријава/Одјава во

задолжетелно социјално осигурување Образец М1/М2 за Елизабета Гајдова, Генерално овластување бр.0302-260 од 20.07.2020 година, Договор склучен помеѓу подносителот и ИЦЦ НК за РМ бр.0307-409 од 27.07.2017 година, Договор склучен помеѓу подносителот и ИЦЦ НК за РМ бр.0307-293 од 24.08.2020 година, Потврда издадена од Сојуз на Стопански комори на Македонија бр.0302-175-1/21 од 03.08.2021 година за спроведени КПУ, Потврда за одржан обуки бр.0302-90 од 09.03.2022 година, Листа на одржани работилници од 1998 заклучно со 2023 година, Изјава за веродостојност на податоци дадена од полномошник Зоран Јанкуловски од 09.03.2023 година

Одлучувајки по Барањето за добивање на одобрение за спроведување на обуки за континуирано професионално усовршување на Здружение на ФИНАНСИСКИ РАБОТНИЦИ И ЈАВНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА Велес, Институтот на сметководители и овластени сметководители на РМ преку Вршител на должност-Претседател Весна Прентоска наоѓа дека:

Барањето за добивање на одобрение за спроведување на обуки за континуирано професионално усовршување е основано. Видно од прилозите кон барањето произлегува дека во целост се исполнети законските услови.

Од приложените докази и тоа од листата на вработени лица кај подносителот и податоците наведени во барањето и приложените М1 М2 обрасци, произлегува дека правното лице има вработено најмалку двајца овластени сметководители и тоа лицата Елизабета Гајдова и Васка Николова, двете со уверение за овластен сметководител издадени од страна на Институтот. Дополнително од доказите произлегува дека овие овластени сметководители имаат работно искуство од пет години со што е исполнет и вториот законски услов. Од Листа на одржани работилници се утврдува дека подносителот има искуство повеќе од три години во организирање и спроведување обуки од областа на сметководството, финансиите, даноците, корпоративното право и работните односи.

Оттука во целост кумулативно се исполнети условите од член 30 став 6 од Законот за вршење сметководствени работи (Службен весник на РСМ, број 173/22 од 01.08.2022 година).

Со оглед на претходно изнесеното следуваше Институот, Барањето за издавање на одобрение за спроведување на обука за континуирано професионално усовршување на Здружение на ФИНАНСИСКИ РАБОТНИЦИ И ЈАВНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА Велес да го усвои, и да се одлучи како во изреката на решението.

Институтот на сметководители и

овластени сметководители на РМ

Вршител на должност-Претседател Весна Прентоска

------------------------------------

М.п

Примено на 24.03.2023 год

З. Јан...

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение поднсителот има право на Приговор во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Институтот на сметководители и овластени сметководители на РМ .

Да се достави до:

- Здружение на ФИНАНСИСКИ РАБОТНИЦИ И ЈАВНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА Велес

- Архива на Институтот на сметководители и овластени сметководители на РМ